UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

## Членството во НАТО можеби има цена, но македонското име и идентитет немаат цена.
## NATO membership might have a price, but the Macedonian name and identity do not.

Македонците ширум светот категорично отфрлаат било какви промени на уставното име на Република Македонија. Членството во НАТО или членство во било која друга меѓународна институција, не смее да биде причина Македонија да се откаже од својот милениумски идентитет. Македонија опстојува од библиско време, а НАТО постои само 60 години. **Македонија ќе продолжи и понатаму да просперира и економски да зајакнува независно од епилогот на НАТО самитот во април.**

Македонската дијаспора е најголемиот партнер на Македонија и ќе продолжи да инвестира и да ја поддржува Македонија и доколку не влеземе во НАТО. Во нашите активности и контакти со важни политички структури во светот ја промовираме нашата петиција против промена на името која ја имаат потпишано над 78,000 Македонци и пријатели на Македонија. Исто така, во неодамнешната анкета **95% од Македонците се изјаснија против промена на името.** Ги поздравуваме сличните одлучни ставови на претседателот и премиерот на Република Македонија кои изјавуваат дека уставното име нема да се промени под уцена за членство во НАТО.

Македонската држава е платена со голем број жртви да имаме слободна и независна Македонија. Додавањето на било каква придавка кон нашето име ќе значи одрекнување од нашиот идентитет, историја и наметнати поделби. Никој нема право да преговара за името на Република Македонија, ниту пак, да донесува одлуки за промена на тоа име. **Латиничното име за интернационална употреба на нашата држава мора да остане Republic of Macedonia.**

Досега Македонија има направено голем број лоши компромиси и не смее да продолжи и понатаму да работи против сопствените интереси. Правото на национален идентитет и именување на својата држава е неотуѓиво право кое им припаѓа не само на граѓаните на оваа држава, но и на минатите како и на идните поколенија. Никој нема право да ни наметне друго име.

**Претседателот на државата, како и премиерот, имаат уставна обврска да го бранат Уставот на Република Македонија во кој стои дека името на нашата држава е Република Македонија.**

## Сме биле, сме и секогаш ќе бидеме Македонци, а нашата татковина е МАКЕДОНИЈА!!!

Обединетата Македонска Дијаспора (ОМД) е меѓународна организација која ги застапува интересите и потребите на Македонците и македонските заедници ширум светот. ОМД се стреми да го негува единството, напредокот и просперитетот на македонскиот народ со цел да го зачува неговото традиционално, духовно, историско и културно наследство преку разни доброволни, едукативни, јавни и други активности. За повеќе информација контактирајте не на info@umdiaspora.org +1 202 294-3400 и посетете не на www.umdiaspora.org.